**Упатство за продолжување на Digitrust сертификат**

Пред да ја започнете постапката за продолжување на сертификатот, потребно е да се направи проверка на драјверите што ги имате инсталирано за работа со Вашиот токен.
Влезете во **Start > Control Panel > Add or Remove Programs (или Programs and Features) > ClassicClient** , потребно е да видите која верзија на Classic Client ја имате (сл. 1)




Сл. 1

Доколку имате една од следните верзии:

- **Classic Client 6.0 SP1**
- **Classic Client 6.1**

Преминувате на на **Чекор 1** од постапката за продолжување на сертификат.
Доколку верзијата се разликува од горе наведените, на пример имате **Classic Client 6.0** , тогаш потребно е да се инсталира понова верзија пред да ја започнете процедурата за продолжување на Вашиот сертификат.
Отворете ја следната web страна:
http://www.24x7.com.mk/Download.aspx , во делот **Смарт картички и USB токен** бирате **Компоненти за работа со токен - Gemalto x32,** кликате на симни. Инсталирајте ги компонентите за работа со Вашиот токен. Кога ќе заврши инсталацијата, доколку била успешна, ќе побара да се направи рестарт на компјутерот.
Направете рестарт, потоа можете да да продолжите со постапката за продолжување на Вашиот дигитален сертификат.

За продолжување на сертификатот потребно е да се користи исклучиво Internet Explorer.

**Чекор 1.** Отворете ја страната https://ca.24x7.com.mk/ ќе Ви се прикаже сл.2




сл.2

**Чекор 2.** Кликнете на **Обнова на сертификат** како на сл.2 со што треба да се појави страната како на сл.3.




сл.3

**Чекор 3.** Во полето **Читач** одберете го типот на читач кој го користите (пр. Todos Argos Mini или Gemplus USB Key Smart Card Reader) а во **Тип на Картичка** одберете GameSafe и кликнете на копчето **Следно,** сл.3.

**Чекор 4.** Во прозорецот за PIN внесете го вашиот пин (истиот кој го користите за најава на апликацијата за електронско банкарство).

**Чекор 5.** Откако го внесовте пинот почекајте да заврши процесот на обнова и запишување на сертификатот на картица/токен. Како крај за успешната обнова на сертификатот треба да добиете порака „Сертификатот е успешно импортиран"

Доколку откако кликнете на линкот **Обнова на Сертификат** не ви се отвори страната како на сл.3, а ви се отвори страна како на сл.4 тогаш потребно е да се направи **Чекор 6**. **Чекор 6** го повторувате се додека не се изгуби лентата и не се појаву страната како на сл.3.




сл.4




сл.5

**Чекор 6.** Ако ви се појави лента во горниот дел од прозорецот како на сл.4 тогаш потребно е со лев клик на лентата да селектирате и кликнете на Install ActiveX Control, потоа ќе ви се појави дополнителен прозорец како на сл.5 кликнете на копчето Run за да ги инсталирате ActiveX компонентите.

**Чекор 7.** Откако ќе ги инсталирате компонентите кликнете повторно на линкот **Обнова на Сертификат** со што треба да ви се појави страната од сл.3 и преминете на **Чекор 3**, **Чекор 4** и **Чекор 5**. Ако повторно ви се појави лентата како на сл.4 повторете го **Чекор 6**, **Чекор 7**. Лентата што ќе се појави повторно е за компоненти кои се различни од претходните и затоа треба да се инсталираат сите ActiveX компоненти пред да се појави сл.3.

**Доколку погоре наведените подесувања не помогнат, тогаш пробајте го следново:**
Доколку се нема појавено лента на горниот дел од пребарувачот (сл. 4), со известување што треба уште да се инсталира, тогаш треба да се провери дали е вклучен WindowsFirewall (ако е да се исклучи).

Истотака треба да се провери дали имате инсталирано некој додатен toolbar (google, yahoo itn.) – ако има да се исклучи.

**Напомена:** Ако работите со FXClient апликацијата откако ќе го продолжите сертификатот со истиот ќе може да се најавите/да го користите следниот ден, затоа продолжувањето на сертификатот направите по завршување на тековните обврски.